Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, одржана на ден 29.04.2024 година одлучувајќи по иницијативата за утврдување начелно правно мислење, поднесена од адвокат Љубомир Михајловски и адвокат Жана Кузмановска, двајцата од Скопје, го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**Иницијативата за утврдување начелно правно мислење, поднесена од Љубомир Михајловски - адвокат и Жана Кузмановска – адвокат, двајцата од Скопје, заведена под СУ-03.бр.203/24 од 13.03.2024 година, се смета за ПОВЛЕЧЕНА.**

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите, адвокат Љубомир Михајловски и адвокат Жана Кузмановска, двајцата од Скопје, поднесоа иницијатива до Врховниот суд на РСМ заведено под Су-03.бр.203/24 од 13.03.2024 година, за донесување начелно правно мислење во врска со член 68 став 2 од Законот за нотаријат, по однос на следното правно прашање:

„Дали приговорот кој е поднесен против решение со кое е издаден нотарски платен налог и кој не содржи адвокатски печат и потпис треба да се отфрли како приговор поднесен од неовластено лице“.

Со поднесок СУ-03.бр.203/24 од 25.04.2024 година, подносителите ја повлекоа иницијативата во целост, заради што Врховниот суд на Република Северна Македонија на одржаната Општа седница на 29.04.2024 година донесе заклучок истата да се смета за повлечена.

Општа седница
на Врховен суд на Република Северна Македонија